


# АПРИЛ 2026

# **МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ** ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229



# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во текот на април 2026 година, глобалните финансиски пазари на капитал забележаа исклучително силно и брзо закрепнување по мартовскиот пад. Силните финансиски резултати на водечките технолошки компании и континуираниот оптимизам поврзан со примената на вештачката интелигенција, придонесоа за изразено позитивни движења на финансиските пазари и за раст. Сепак, и покрај подобреното расположение на пазарите, неизвесноста поврзана со војната во Иран и натаму останува присутна и претставува значаен геополитички ризик за инвеститорите.

Глобалниот индекс MSCI ACWI порасна за 10,03%, а од почетокот на годината приносот е 6,16%. Следено по региони, најсилен раст во овој месец забележаа акциите од брзорастечките економии прикажани преку индексот MSCI Emerging Markets, кои пораснаа за 14,53%, како и акциите од регионот Азија – Пацифик, следени преку индексот MSCI Asia – Pacific, со раст од 13,17%. Со овие позитивни перформанси, тие го вратија водството како во периодот пред почетокот на војната. Американскиот индекс S&P 500, во истиот период порасна за 10,42%, додека европскиот индекс STOXX 600 оствари поумерен раст од 4,83%, кој бележи и најмал раст од прикажаните следејќи од почетокот на годината.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

Извор: Блумберг




# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во април забележа умерен месечен раст од 0,32%, но и натаму е во негативна зона од почетокот на 2026 година со -1,13%. Движењата укажуваат на мешана слика на домашниот пазар. Најсилен позитивен придонес во месецот имаа НЛБ Банка со раст од 5,38%, Гранит со 5,08% и Макпетрол со 2,65%, додека најизразен пад забележаа Македонија Турист со 15,72% и ТТК Банка со 9,71%, кои исто така бележат и најслаб перформанс следено од почетокот на годината. За периодот од изминатите четири месеци, со најдобар перформанс се издвојува Македонски Телеком чија вредност на акциите бележи раст од 8,70%, а на спротивната страна покрај претходно споментатите, тука е и Стопанска банка со пад од 13,25%.




Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на државните обврзници не се движеа во посакуваната насока како акциите, па и во текот на април продолжи зголемувањето на приносите. Пазарните очекувања дека инфлациските притисоци ќе се задржат подолго од претходно предвиденото, заедно со проценките дека централните банки ќе останат повнимателни во однос на евентуално намалување на каматните стапки, придонесоа за раст на приносите на државните обврзници. Во такви услови, инвеститорите и натаму го задржуваат сценариото на подолг период на релативно високи каматни стапки. На крајот од месецот, меѓу анализираните инструменти, највисоко ниво на принос од 5,14% имаше македонската државна обврзница, додека швајцарската државна обврзница остана со најнизок принос од 0,40%.

## Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




* Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање **21.01.2034**

Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во април, еврото ослабна во однос на австралискиот долар, руската рубља, британската фунта и швајцарскиот франк, додека зајакна во однос на американскиот долар, кинескиот јуан и јапонскиот јен. На месечно ниво, најголемо поместување имаше кај рубљата со раст од 7,55% во однос на еврото, додека американскиот долар ослабе за 1,52%, а кинескиот јуан за 0,69% во однос на еврото.

Од почетокот на годината, најголемо зајакнување во однос на еврото бележи австралискиот долар со 8,03%, по што следат рубљата со 5,56% и кинескиот јуан со 2,33%, додека јапонскиот јен и американскиот долар се речиси непроменети со раст од 0,15% и 0,12%, соодветно.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




Извор: Блумберг  Лектор: Каролина Накова